УДК 025.85(497.7)

**М-р Елени НОВАКОВСКА**
НУ НУБ „Климент Охридски“ - Скопје

# ПРИОРИТЕТИ ВО ЗАШТИТАТА НА БИБЛИОТЕЧНИТЕ ДОБРА ВО НУ НУБ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - СКОПЈЕ

*Апстракт:* Во трудот ќе стане збор за конкретните приоритети во однос на заштитата на библиотечните добра кои НУ НУБ „Св.Климент Охридски'' - Скопје ги поседува. Трудот се базира на сознанијата што се добиени од континуираното истражување, обработката и ракувањто со културните добра во функција на остварување на библиотечната дејност, како примарна функција на институцијата.

*Клучни зборови*: библиотечни добра, заштита, едукација, приоритети.

Националната установа НУБ „Св. Климент Охридски” во Скопје е една од првите институции што биле формирани со одлука на АСНОМ, на 23 ноември 1944 година. Нејзината основна цел била да го собира, обработува, чува и заштитува културното наследство за идните генерации. Со градењето и развојот на националниот библиотечно - информациски систем, дигитализацијата на културното наследство од сопствените збирки, и со изработувањето на националната библиографија, се обезбедува пристап in situ и од далечина, пред сѐ за оние што се занимаваат со научно-истражувачка работа, но и за сите оние кои се стремат кон збогатување на сопственото знаење и сестран личен развој. Во членот 17 од Закон за изменување и дополнување на Законот за библиотеките (Службен весник на РМ 88/2015) наведена е функцијата на Националната библиотека и тоа:

1. Заради развој на библиотечната дејност, културата, науката и образованието, како и за задоволување на информациските потреби во Република Македонија, НУ НУБ „Св. Климент Охридски“ - Скопје се определува како национална библиотека на Република Македонија (во натамошниот текст: Националната

библиотека);

2. Заради унапредување и координација на работата на библиотеките на територијата на Република Македонија со овој и со Законот за заштита на културното наследство, Националната библиотека се определува како матична библиотека.

Вредностите врз кои библиотеките делуваат се базираат на суштинските вредноси на Меѓународната федерација на асоцијации на библиотеки IFLA, а тоа се:

- усвојување на принципите за слободен пристап до информации, идеи, дела на фантазијата и слободата на изразување отелотворени во членот 19 на Универзалната декларација на човековите права;
- верувањето дека на луѓето, заедниците и организациите треба да им се овозможи универзален и рамноправен пристап до информации, идеи и дела на фантазијата за нивна општествена, образовна, културна, демократска и економска благосостојба.'' (http://www.ifla.org/about/more).

Досега изнесено не насочува кон главната функција на Националната библиотека (како и на секоја библиотека), а тоа е овозможување пристап до сопствените фондови, а со тоа и до културното наследство кое таа го поседува или го има на чување.

Во Законот за Заштита на културно наследство (Службен весник на РМ ) библиотечните добра се дефинираат во член 21 и тоа:

1. Библиотечни добра се старите ракописи (средновековни и словенски или ракописи на други јазици) што се однесуваат на Македонија и старите ракописи на други јазици и од други култури во Македониј настанати до крајот на XIX век, инкунабулите и постинкунабулите печатени до 1530 година, првите изданија на книги на преродбеници и печатари или печатници во Македонија, старите карти и атласи на Македонија до 1913 година, посебни библиотечни целини што потекнуваат од просветни, културни, научни, верски и други институции во Македонија до крајот на 1946 година или што се издадени до тој период, а се однесуваат на значајни историски настани во Македонија, ретки книги и друг редок библиотечен материјал утврден со закон, ракописниот и старопечатениот нотен и филателистички материјал, како и семејни и лични библиотеки од научно или културно значење;
2. Библиотечни добра се и задолжителните примероци на

публикации што се доставуваат до надлежната библиотечна установа, вклучувајќи го нотниот, картографскиот, филателистичкиот и друг материјал со статус на публикација, како и задолжителниот примерок на одбранети магистерски и докторски трудови.

Задолжителниот примерок како таков Националната библиотека го собира од 18 јануари 1945 година, врз основа на Решение на АСНОМ за доставување на задолжителен примерок од македонската издавачка продукција, како и со Одлука на Националниот комитет за ослободување на Југославија од 8 февруари 1945 година, за доставување на задолжителен примерок од југословенската издавачка продукција. До 1991 година НУБ претставува депозитна библиотека на целокупната југословенска издавачка продукција, а од 1991 години само за македонската издавачка продукција. Законите кои се однесуваат на задолжителниот примерок на публикација до1991 (Законот за доставување печатени работи на определени установи ("Службен весник на СРМ" број 34/72 и 51/88), Правилникот за задолжително доставување носачи на звук и слика ("Службен весник на Република Македонија" број 29/91) како и  Законот за Задолжителен примерок (Службен весник на РМ (11/94), во 2014 година се фузираат и стануваат составен дел на Законот за издавачка дејност (Службен весник на РМ 14/2014 ). Врз основа на овој Закон, покрај задолжителните примероци на публикација, задолжителен примерок претставуваат и т.н. полупубликации односно магистерските трудови и докторски дисертации одбранети на Универзитетите во републиката.

Што се однесува до реткиот библиотечен материјал неговото дефинирање се јавува за прв пат во Правилник за определување библиотечен материјал што ќе се смета споменик на културата и редок библиотечен материјал и за условите и начиниот на неговото стручно обработување, заштита, чување и користење ("Сл. Весник на СРМ", бр.8/78). Во член 4 од став два како редок библиотечен материјал се дефинираат:

- книгите и другиот библиотечен материјал што се однесуваат на просветната, културната, економската и политичката историја на Македонија издадени до крајот на 1946 година;
- печатениот или на било кој друг начин умножен библиотечен материјал настанат во НОВ и Револуцијата на македонскиот народ и народностите;
- книгите и периодичните публикации издадени на територијата на Македонија до крајот на 1918 година, Србија до 1847 година, Хрватска до 1860 година, Словенија до 1847 година, Босна и Херцеговина до 1880 година, Бугарија до 1878 година, Турција до 1861 година, Грција до 1863 година, Романија до 1930 година

и другите европски земји до 1800 година;
- првите изданија од делата на видни југословенски писатели до граничните години за старопечатеии книги;
- првите изданија од делата на класиците на светската литература;
- изданија на книги што се објавени во тираж помал од 200 примероци:
- книгите и периодичните публикации забранувани и конфискувани;
- книгите што се одликуваат по своето естетско и техничко обликување (ексилибриси, гравури, специјална опрема и др.);
- книгите со ракописни забелешки, посвети и потписи од авторот.

Дефинирањето на типовите на библиотечни добра се усложнува со егзистирањето на Правилникот за определување библиотечен материјал што ќе се смета споменик на културата и редок библиотечен материјал и Законот за заштита на културното наследство, поради тоа што дел од типовите на библиотечени добра кои се дефинирани како такви во Законот се дел од реткиот библиотечен материјал.

Со одлука од август месец 2015 година објавена во Службен весник на РМ се укинува важењето на Правилникот за определување библиотечен материјал што ќе се смета споменик на културата и редок библиотечен материјал и за условите и начинот на неговото стручно обработување и заштита, чување и користење. Укинувањето на овој Правилник, всушност претставува и укинување на дефинирањето на редок библиотечен материјал кој како таков не е дефиниран во Законот за заштита на културното наследство.

Разграничувањето на библиотечните добра е извршено и преку Националната класификација на културното наследство (Службен весник на РМ 37/2006) во која библиотечните добра се поделени во неколку категории и 8 видови на библиотечни добра: ракописи, ракописен нотен материјал, печатени книги, печатен нотен материјал, картографски материјал, филателистички добра, задолжителни архивски примероци, библиотечна документација и други библиотечни добра. Ова разграничување е особено значајно кога се однесува на задолжителниот примерок, односно јасната дистинкција дека само архивскиот примерок (како дел од задолжителниот примерок) претставува културно наследство.

Но, задолжителниот примерок претставува само еден дел од фондот на библиотечни добра кои ги поседува НУБ. Целта на егзистирањето на Националната библиотека е да ја собира, открива, истражува, заштитува и чува авторовата креативност од различни полиња. Од таа причина во

институцијата е оформено и Одделението Збирки и посебни фодови во чии рамки како работни единици функционираат 8 специфични Збирки и тоа:

- Збирката Архивски примерок,
- Збирката магистерски трудови, докторски дисертации, научно истражувачки проекти и микрофилмови,
- Збирката за ликовна уметност,
- Збирката картографија,
- Збирката дробен печат,
- Збирката за музичка уметност,
- Збирка ориентални ракописи и ретки публикации,
- Збирка ретка периодика, современи ракописи и фотографии и
- Археографска збирка, ретки и старопечатени книги.

Делувањето на збирките е преку библиографско и теренско истражување да се изврши идентификација на специфичните типови на материјали кои претставуваат претставуваат културно богатство, материјалите да бидат вклучени во фондот каде што се истражуваат и чуваат. Дејноста на „Збирките“ резултира со формирање посебни фондови кои врз основа на Законот за заштита на културното наследство и неговото спроведување, беа прогласени за културно наследство и тоа како збирки на библиотечни добра и уметнички предмети.

За разлика од другите типови на движно културно наследство библиотечните добра се константно изложени на уништување, од причини што книгите, ракописите, нотите и другите видови на библиотечни добра се читаат и се наоѓаат во рацете на корисниците. Тие не се изложени во витрини, затоа што на тој начин е невозможно да се антиципира нивната содржина.

Со оглед на ваквата ситуација во однос на конзумирањето на културното наследство прв приоритет во заштитата на библиотечните добра претставува едукацијата не само на корисниците туку и библиотечниот кадар и подигање на свеста за културното наследство, протоколите за работа како и обврските кои призлегуваат од Законот за заштита на културното наследство и подзаконските акти од оваа свера.

Организацијата на работните процеси во Националната библиотека изискува библиотечното добро, во фаза на приемот и обработката да биде проследено во најмалку низ 6 служби, додека да биде депонирано во депото. Едукација на кадарот од најразлични профили и компетенции е неопходно да биде извршена од првиот миг на ангажирање во рамки на работниот процес на сите вработени, преку запознавање со јавно достапните стандарди и препораки на Меѓународната федерација на асоцијации на библиотеки IFLA.

Што се однесува пак до „Законот за заштита на културното наследство“ како и подзаконските акти, од примарна важност е едуцирањето на целокупниот кадар на институцијата, без разлика на неговата стручност и компетенции за обврските кои произлегуваат од неговата имплементација. Тука, секако, би требало да бидат вклучени и Одделенијата чија примарна дејност не е библиотечната.

Со оглед дека библиотечните добра се константно изложени на оштетувања заради нивното користење втор приоритет во однос на достапноста е продолжување на процесот на конзервацијата и реставрацијата. Врз дел од библиотечните добра се извршува непосредна заштита преку активностите на конзерваторите од Лабораторија за конзервација и реставрација на библиотечен материјал, а овоа активност континуирано се изведува во зависност од материјалните можности на институцијата.

Со цел за достапност на библиотечните добра до пошироката јавност како и заштита во однос на нивната употреба, Националната библиотека во 2008 година изготви стратегија за дигитализација. Дигитизацијата на добрата се извршуваше соодветно на стратегијата која имаше важност до 2011 година. Процесот на дигитизација продолжува да се изведува согласно имплементираните стандарди и протоколи, како и Законот за авторски и сродни права. Токму овој процес претставува трет приоритет во однос на заштитата на библиотечантите добра. Во 2010 година Националната библиотека преку својот портал Dlib.mk, на своите посетители им овозможува пристап до различни содржини. Порталот Dlib.mk, пред сè, има задача да зачува, презентира и дистрибуира најразлични библиографски содржини во дигитална форма како дел од програмата за заштита на културното наследство и промовирање на македонската култура во јавноста (http://www.dlib.mk/page/about).

Со цел да се заштитат библиотечните добра, Националната библиотека работи на воспоставување на мерки за превентивна заштита на добрата кои се во сопственост на библиотеката, но и на добрата кои се оставени на чување во институцијата. Со таа цел, а со оглед на тоа дека библиотеката не го задоволува ISO стандардот бр.11799 : 2003, кој се однесува на условите за чување на архивски и библиотечни материјали, еден од приоритетите е создавање на соодветни амбиентални услови, реадаптации на депоата и набавка на потребен инвентар со цел да се овозможи адекватно сместување на културното наследство. Превентивната заштита се однесува и на обезбедување на соодветни услови за користење на библиотечните добра како и другите видови на добра кои ги поседува НУБ.

Како што напоменавме протходно, во рамки на институцијата делува Одделение за збирки и посебни фондови. Вработените во

одделението, во зависност од кадровската екипираност изработуваат елаборати за ревалоризација на добрата кои се во НУБ. Врз база на нивните активности, досега се прогласени седум збирки на библиотечни добра и една збирка на уметнички предмети. Приоритет претставува истражувањето и изработката на елаборати на уште неколку збирки на библиотечни добра меѓу кои: Збирка ракописи од современи автори како што се Блаже Конески, академик Гане Тодоровски, Славко Јаневски, Чедо Јакимовски, Петре М. Андреевски, Ката Мисиркова – Руменова, Димитар Солев, Анте Поповски, а од странските би ја спомenале Десанка Максимовиќ; потоа збирката оригинални карти и атласи (1841 – 1913 г.); Збирката на нотни ракописи од македонски композитори - збирка која ја чинат композиции од четири повоени генерации македонски композитори; Легат на композиторот Глигор П. Смокварски; Легат на композиторот, диригент и педагог Стефан Гајдов како и последниот добиен и најобемен легат на композиторот, медиевистот и педагогот проф. д-р Сотир Голабовски.

Со цел библиотечните добра да останат во својата изворна форма и без оштетувања, на крај, но секако не од најмала важност е приоритетот во однос на воведувањето на нови протоколи за библиотечна обработа на библиотечните добра, во контекст на техничката обработка. Техничката обработка на целокупниот библиотечен фонд, а не само на библиотечните материјали се реализира врз база на веќе застарени протоколи. При ваквата обработка се нанесуваат физички оштетувања на добрата при процесите на инвентарирање, потпечатување и аплицирање на сигнатурни налепници врз добрата. Од тие причини, а согласно насоките на ИФЛА публикувани во „IFLA Principles for the Care and Handling of Library" од 1998 година, како и почитување на Законот за заштита на културно наследтсво неопходно е да се воведат нови протоколи за техничка обработка на библиотечните добра во Националната библиотека, со цел за комплетно реализирање на функцијата за заштита на културното наследство.

**Библиографија:**


1. Adcock E.P., Varlamoff M., Kremp V., IFLA Principles for the Care and Handling of Library, Paris- Washington, 1998.
2. IFLA Section on Serial Publications, Guidelines for Newspaper Preservation Microfilming, The Hague, 1996.
3. ISO 11799: Information and documentation -Document storage requirements for archive and library materials, 2003.
4. Royan B., Cremer M., Guidelines for Audiovisual and Multimedia

materials in libraries and other institutions, The Hague, 2004.

5. Roosa M., Care, handling, and storage of photographs, Paris, 2004
6. Закон за доставување печатени работи на определени установи :“Службен весник на СРМ” бр. 34/72 и бр.51/88
7. Закон за Задолжителен примерок: Службен весник на РМ бр.11/94
8. Законот за Заштита на културно наследство: Службен весник на РМ бр.20/04 и бр.199/2014
9. Законот за издавачка дејност: Службен весник на РМ бр. 14/2014
10. Закон за изменување и дополнување на Законот за библиотеките :Службен весник на РМ 88/2015
11. Националната класификација на културното наследство : Службен весник на РМ бр.37/2006
12. Правилник за задолжително доставување носачи на звук и слика ; Службен весник на Република Македонија” бр. 29/91
13. Правилник за определување библиотечен материјал што ќе се смета споменик на културата и редок библиотечен материјал и за условите и начиниот на неговото стручно обработување, заштита, чување и користење: "Сл. Весник на СРМ", бр.8/78
14. http://www.dlib.mk/page/about
15. http://www.ifla.org/about/more
16. http://nubsk.edu.mk/za-nas/funkcii-zadaci